20111814057

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 15 декември 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ДНЕВНА БОЛНИЦА И БОЛНИЧКИ ДЕН ВО БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтни цени за дневна болница и за болнички ден за хоспитализирани осигурени лица.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги надоместува следните услуги за дневна болница по следните цени:

Шифра	Назив на услугата	Референтна цена
ДБ01	Дневна болница (сместување, оброк и труд на персоналот) за апликација на хемотерапија и/или биолошка терапија под и над 4 часа	460
ДБ02	Дневна болница (сместување и оброк) за апликација на медикаментозна терапија над 4 часа	200
ДБ03	Дневна болница (сместување, оброк и труд на персоналот) за психијатрија со вклучени здравствени услуги и медикаментозна терапија над 4 часа	560

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги надоместува следните услуги за дневна болница по следните цени:

Шифра	Назив на услугата	Референтна цена
ДС01	Болнички ден во стационар (сместување, оброци и труд на персоналот) со вклучени здравствени услуги и медикаментозна терапија во психијатрија за болните	710
ДС02	Болнички ден во стационар (сместување, оброци и труд на персоналот) со вклучени здравствени услуги и медикаментозна терапија за хронично болни и продолжено болничко лекување во заводи и специјални болници за пациенти по решение на ФЗОМ	1.200

ДС03	Болнички ден во стационар (сместување и оброци) за придружник на болно дете на возраст до 3 години	350

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1 април 2012 година.

Бр. 02-18660/15
15 декември 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Јован Грповски, с.р.